Кеј Димитар Влахов бр.21
1000 Скопје
Република Македонија
**тел.:** +389 2 32 89 200
**факс:** +389 2 32 24 611
contact@aec.mk

Врз основа на член 24 став 1), алинеја 5, а во врска со член 147 став (1) точка в) од Законот за електронските комуникации (Службен весник на РМ бр. 39/14, 188/14, 44/15, 193/15, 11/18, 21/18, 98/19 и 153/19), Директорот на Агенцијата за електронски комуникации на ден 22.05.2020 година го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**I**

**СЕ ОТПОВИКУВААТ** одобренијата за користење на радиофреквенции во фиксна служба со евидентни броеви 110911 и 109375 издадени од Агенцијата за електронски комуникации на корисникот Друштво за комуникациски услуги А1 Македонија ДООЕЛ Скопје со адреса во Скопје на Плоштад Пресвета Богородица бр.1, по барање на корисникот.

**II**

Решението влегува во сила со денот на донесувањето.

**III**

Ова решение е конечно.

**Образложение**

Агенцијата за електронски комуникации има издадено одобренија за користење на радиофреквенции во фиксна служба со евидентни броеви 110911 и 109375 на корисникот Друштво за комуникациски услуги А1 Македонија ДООЕЛ Скопје со адреса во Скопје на Плоштад Пресвета Богородица бр.1.

Корисникот Друштво за комуникациски услуги А1 Македонија ДООЕЛ Скопје до Агенцијата за електронски комуникации на 22.05.2020 година достави барање за отповикување на одобренијата за користење на радиофреквенции во фиксна служба со евидентни броеви 110911, 105793 и 109375.

Врз основа на горенаведеното, согласно член 24 став 1), алинеја 5, а во врска со член 147 став 1) точка в) од Законот за електронските комуникации (Службен весник на РМ бр. 39/14, 188/14, 44/15, 193/15, 11/18, 21/18, 98/19 и 153/19), се донесе решение како во диспозитивот.

Напоменуваме дека одобрението за користење на радиофреквенции во фиксна служба со евидентен број 105793 е отповикано на 04.04.2018 година по решение број уп1-бр.0802-478, по барање на корисникот.

**ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение може да се поднесе тужба до Управен суд во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.**

Изготвено во Агенција за електронски комуникации
Наш број: уп1-бр.0802-309
Скопје 29.05.2020

Изработил:
Раководител на одделение за фиксна
и мобилна служба: Радка Шекутковска
Раководител на Сектор за радиокомуникации:
Јане Јакимовски
Советник на директорот за радиокомуникации,
контрола и мониторинг на радиофреквенции:
Игор Бојаџиев

**Директор,**
**Сашо Димитријоски**

**Доставено до:**
- странка
- архива
- Сектор за радиокомуникации
- Сектор за контрола и мониторинг на радиофреквенциите
- Сектор за финансии и сметководство